**Одлука бр.4**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За определување на висината на таксата**
**за годишна регистрацијата на Ветерани во 2023 година**

**Член 1**

За годишна регистрација, за 2023 година, секој Ветеран или неговиот клуб е должен да плати такса на ТФСМ во износ од 1.000,00 денари.

Годишната регистрација на Ветераните кои планираат и ќе настапат на помал број на турнири ќе изнесува 400,00 денари за првиот турнир, односно за секој нареден турнир уште по 100,00 денари, но во натпреварувачката 2023 може да им наплати не повеќе од 1.000,00 денари.

**Член 2**

ТФСМ на секој Ветеран кој ќе плати такса за годишна регистрација за 2023 година ќе го евидентира во електронската евиденција на ТФСМ и Ветеранот ќе се стекне со право да се натпреварува на турнирите/натпреварите од календарот на ТФСМ за 2023 година.

**Член 3**

Секој Ветеран кој ќе прави пререгистрација, односно кој ќе премине од еден во друг клуб ТФСМ ќе ја направи промената и ќе го евидентира во електронската евиденција под вториот клуб за остатокот од тековната година, и истиот или неговиот клуб е должен да плати нова такса во висина определена во член 1, став 1, односно 1.000,00 денари.

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2023 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година